# СЕДУМДЕСЕТ ГОДИНИ НАСТАВА НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО ЦАПАРИ И ЦАПАРСКО

*(краток осврт)*

**Проф. д-р Никола В. Димитров***


## АПСТРАКТ

Во рамките на дозволениот простор изнесен е дел од емпириското истражување за образованието на македонски јазик во Цапари и Цапарско од 1944 година до денес. Во трудот дадени се општи и посебни податоци за образованието на македонски јазик во Цапари и Цапарско.

Седумдесетгодишниот историски преглед на образованието, претставен е преку првите училишта, воспитно – образовниот кадар, бројот на ученици, и тоа за сите населени места во Цапарско. Текстуално и табеларно преставени се најважните аспекти на воспитно – образовната работа во Цапари и Цапарско, и тоа за растежот на училиштата, воспитно – образовната работа на наставниот и друг кадар, и резултатите на учениците и воспитно – образовниот процес.

На крајот, дадени се заклучни размислувања за причините и последиците кои доведоа до драстично намалување на вкупната популација, од 7.420 жители на 1.432 жители, а со тоа и на бројот на паралелки и ученици во Цапари и Цапарско, од 1.153 на само 46 ученици. Исто така, изнесени се најпогодни решенија и објективни мерки за подобрување на животниот стандард, начинот на живот, добивање на субвенции и бенефиции на населението, наставниците и учениците во руралните средини, со цел запирање на иселување и раслојување на селата.


### Првите училишта и учители на македонски јазик

Вековната борба на македонскиот народ за слободно и јавно да се служи со својот мајчин јазик се крунисa во Народноослободителната и антифашистичка борба. (Димитров&Димитровски,1995,7) Со цел навреме да започне редовната настава, Градскиот и Околискиот НОО (народноослободителен одбор) на Битола и Битолско назначија над 160 учители, кои веднаш присуствуваа на двонеделен курс, заради основно запознавање со учителскиот позив. (Група автори,1984,12)

Во сите 67 народни основни училишта редовната настава започна на 4-ти декември 1944 година со пригодна свеченост која, покрај 7.687 ученици, присуствуваа и голем број родители и граѓани. (Група автори,1984,13,14,198,199) Меѓу наведениот број на училишта единаесет беа во просторот на Цапари и Цапарско[1], и тоа во селата: Цапари, Ротино, Горно Српци, Рамна, Лера, Свињишта, Метимир, Гопеш, Доленци, Ѓавато и Маловишта. (Види табела бр.1)

---

*Професор на Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, nikola.dimitrov@ugd.edu.mk

[1] Во географската литература под поимот Цапарско, односно Цапарско Поле, се подразбира висока микрорегија сместена во западниот дел од Пелагониската котлина и истата се наоѓа западно од Битола. Цапарско Поле зафаќа површина од 168 $км^2$ со 13 села, и тоа: Цапари, Ротино, Горно Српци, Рамна, Лера, Свињишта, Стрежево, Метимир, Гопеш, Доленци, Ѓавато, Кажани и Маловишта.

Табела бр. 1 – Населени места, име на народното училиште, број на ученици и учители, во првата учебна 1944-1945 година

| **Р.б.** | **Населено место** | **Име на народното училиште** | **Број на ученици** | **Број на учители** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **ЦАПАРИ** | **„Кирил и Методиј“** | **276** | **4** |
| 2. | **ЃАВАТО** | **„Трајан Белев“** | **324** | **5** |
| 3. | **ГОПЕШ** | **„Питу Гули“** | **32** | **1** |
| 4. | **ЛЕРА** | **„Стив Наумов“** | **43** | **2** |
| 5. | **МАЛОВИШТА** | **„Стив Наумов“** | **80** | **1** |
| 6. | **ГОРНО СРПЦИ** | **„Видан Темелковски“** | **112** | **4** |
| 7. | **РОТИНО** | **„Кирил и Методиј“** | **108** | **1** |
| 8. | **РАМНА** | **„Јосиф В. Сталин“** | **41** | **1** |
| 9. | **СВИЊИШТА** | **„Ѓорѓи Сугарев“** | **44** | **1** |
| 10. | **МЕТИМИР** | **„Гоце Делчев“** | **28** | **1** |
| 11. | **ДОЛЕНЦИ** | **„Тодор Ангелевски“** | **65** | **2** |
| | | **ВКУПНО:** | **1.153** | **23** |

Според податоците, за Битола и Битолско, се гледа, дека 67-те народни училишта просечно имале по околу 115 ученици, а на секој учител доаѓале по 48 ученици. За Цапарско, просечно секое училиште имало по околу 105 ученици, а на учител се паѓало по 50 ученици.

Напоредно со опфаќањето на народни основни училишта на македонски јазик, започна редовна настава и на албански јазик, во одделни паралелки, во село Лера, а нешто покасно (1947/48 г.) и во село Доленци. (Група автори,1984,7,8)

Во наведените 11 училишта во Цапарско беа опфатени вкупно 1.153 ученици.(Димитров&Димитровски,1995,7) За први учители во 1944/45 година во Цапарско се поставени 18 учители. Станува збор за следните учители: Ѓорѓи Шупов, Димитар Настевски, Митко Пандори и Вељан/Велиан Јажев во Цапари; Нада Јаневска, во Ротино; Вељо Теодосиевски; Олга К. Стефановска, Димитар Т. Наковски, Богдан Банишки и Мара Робевска во Ѓавато; Зоре Франц Аница во Маловишта; Иван Наумовски во Гопеш; Кирил Грахолски и Ташко Пауновски во Лера; Красимира Димитровска и Кирил Димитровски во Метимир; Петар Ристески во Свињишта; Јелена Станкоска, Елена/Ленче Димитрова, Јованка Тапанџиева Стефановска и Александар Стефановски во Горно Српци; Фанија Димитрова во Ротино; и Ѓорѓи Т. Наумовски во Доленци.

Меѓутоа, непосредно по објавувањето на книгата 50 години настава на македонски јазик во Цапари и Цапарско, со писмо се јави г-дин Вељан Јажев, кој потсетува дека не бил ставен во списокот, а бил еден од првите учители во 1944/45 година. Нешто, покасно, нашето истражување продолжува и доаѓаме до бројот 23 учители, односно ги откриваме уште учителите Митко Пандори, Кирил Димитровски, Ѓорѓи Т. Наумовски, а за втората учебна 1945/46 година, откриваме и уште други осум учители. (Види табела бр. 2).

Табела бр. 2 - Првите учители во Цапарско во 1944/45 г., *1945/46 г. и 1946/47 година*

| **Населба** | **Име и презиме на учителот** |
|---|---|
| **Цапари** | Ѓорѓи Шупов, Димитар Настевски, Митко Пандори, Вељан/Велиан Јажев, *(во 1946/47 г. за учители доаѓаат и Јованка Тапанџиева Стефановска и Александар Стефановски, а Марија Х. Билбиловска за директор на училиштето)* |
| **Рамна** | Нада Јаневска, *Никола Таневски (1945/46)* |
| **Ѓавато** | Вељо Теодосиевски; Олга К. Стефановска; Димитар Т. Николовски; Богдан Банишки, Мара Робевска |
| **Маловиште** | Зоре Франц Аница |
| **Гопеш** | Иван Наумовски, *Крсте Битоски (1945/46)* |
| **Лера** | Кирил Грахолски, Ташко Пауновски, *Тахими ? , Зија Махмуд (45/46)* |
| **Метимир** | Красимира Димитровска, Кирил Димитровски |
| **Свињишта** | Петар Ристески |
| **Горно Српци** | Јелена Станкоска, Елена - Ленче Димитрова, Јованка Тапанџиева Стефановска, Александар Стефановски |
| **Ротино** | Фанија Димитрова, *Анѓа Стрезовска, Ацо Стрезовски (1945/46)* |
| **Доленци** | Ѓорѓи Т. Наумовски, *Хамид Лека (1946/47)* |
| ***Стрежево**** | *Ели Карадакова (напредна младинка)*, *Ташко Пауновски*, *Ѓорѓи ?(45/46)* |

**Извор**: 40 години настава на македонски јазик во Битола и Битолско `44 - `84 година, Битола 19стр. 14 и 15; **Александар Стефановски** (2011): Без вина, виновен ?!?, Битола, стр. 48/57 (стр.126). *Според професор Александар Стефановски (1920-2013), кој бил прв учител во с. Горно Српци а потоа и во Цапари. Искажување забележано од страна на авторот, на 20.09.2011 г. во Битола. Како и искажувања добиени од анкети со наставници кои во периодот 1944-46 година биле во Цапари и Цапарско.*

* село Стрежево географски припаѓа на Цапарско Поле, но низ целиот период ова училиште и учениците гравитираа кон просторот на Кукуречани. Така, учениците по завршувањето на одделенска настава, предметната ја продолжуваа во селата Црнеец, Габалавци, Лопатица и Секирани.

Првата учебна година започна во многу тешки услови: наставниот кадар беше недоволно квалификуван за наставна работа, немаше издадена македонска граматика, учебници, буквар, тетратки, моливи и други помагала. Основна задача во наставната работа беше описменувањето на првоодделенците и неписмените возрасни, а за другите одделенија основна задача беше да вежбаат читање, пишување, прераскажување и основни математички операции.

Секој учител, наоѓајќи се во услови на недостиг на основни наставни средства и помагала, беше принуден самиот да ги изработува, при што неговото ангажирање траеше преку цел работен ден. Така, тој беше задолжен не само да ја организира и изведува наставата со редовните ученици и да описменува возрасни, туку и да го организира културно – просветниот живот во селото, да ја развива активноста на народниот фронт, АФЖ, да ја организира и подготвува младината за иден општествен живот и да одржува редовни предавања за здравственото просветување на населението. За извршување на поставените општествени задачи работниот ден на учителот започнуваше во 7 часот наутро, а завршуваше некаде околу 22 часот навечер, а често и подоцна.(Група автори,1984,16)

Посебна тешкотија за одвивање на наставата беше немањето училиштен простор, па така наставата се одвиваше во стари згради или во приватни куќи, кои беа доста руинирани и изградени во различни периоди. За нормално отпочнување со работа на народните основни училишта беше извршен неопходен минимален ремонт во училишните згради, а во некои се вршеше и во текот на учебната година. Материјалното обезбедување на училиштата со огрев, стакло за прозорци, ќерамиди за поправка на покривите, материјал за оградување на училишните дворови и други материјални потреби го завршуваше населението.

**Бројно движење на ученици, паралелки и училиштата**

Прегледот што го даваме ни го покажува бројното движење на учениците вкупно за целиот простор на Цапари и Цапарско од 1944 до 2014 година. Од Табела бр. 3 се забележуваат следните

Табела бр. 3. - Бројно движење на учениците од 1944/45 до 2014/15 г. во Цапари и Цапарско

| **Учебна година** | **Вкупно ученици** | **Учебна година** | **Вкупно ученици** | **Учебна година** | **Вкупно ученици** | **Учебна година** | **Вкупно ученици** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1944/45** | **1153** | 1962/63 | 857 | 1980/81 | 228 | 1998/99 | 136 |
| 1945/46 | 845 | 1963/64 | 859 | 1981/82 | 207 | 1999/20 | 120 |
| 1946/47 | 1076 | **1964/65** | 759 | 1982/83 | 194 | 2000/01 | 105 |
| **1947/48** | **1212** | **1965/66** | 660 | 1983/84 | 183 | 2001/02 | 89 |
| 1948/49 | 1206 | 1966/67 | 640 | 1984/85 | 174 | 2002/03 | 82 |
| **1949/50** | **1212** | **1967/68** | 557 | 1985/86 | 161 | 2003/04 | 70 |
| 1950/51 | 1112 | 1968/69 | 588 | 1986/87 | 152 | 2004/05 | 64 |
| **1951/52** | 841 | 1969/70 | 529 | 1987/88 | 151 | 2005/06 | 69 |
| 1952/53 | 887 | 1970/71 | 499 | 1988/89 | 142 | 2006/07 | 64 |
| **1953/54** | 721 | 1971/72 | 446 | 1989/90 | 152 | 2007/08 | 58 |
| 1954/55 | 725 | 1972.73 | 387 | 1990/91 | 143 | 2008/09 | 55 |
| 1955/56 | 769 | 1973/74 | 369 | 1991/92 | 143 | 2009/10 | 55 |
| 1956/57 | 827 | 1974.75 | 328 | 1992/93 | 143 | 2010/11 | 52 |
| 1957/58 | 889 | 1975/76 | 314 | 1993/94 | 152 | 2011/12 | 57 |
| 1958/59 | 916 | 1976/77 | 308 | 1994/95 | 144 | 2012/13 | 53 |
| 1959/60 | 863 | 1977/78 | 272 | 1995/96 | 139 | **2013/14** | **41** |
| 1960/61 | 942 | 1978/79 | 261 | 1996/97 | 148 | 2014/15 | **45** |
| 1961/62 | 914 | 1979/80 | 231 | 1997/98 | 143 | | |

**Графикон бр. 1**. - Бројно движење на вкупниот број ученици во Цапари и Цапарско за периодот од 1944/45 до 2014/15 година



Од Табелата бр. 3 и графиконот бр. 1 се забележува, со исклучок само на неколку години, процес на континуирано намалување на бројот на ученици. Години со најголемо намалување се: 1944/45 - 1945/46 г. кога бројот на ученици се намалил од 1153 на 845 или намалување за 308 ученика, односно за 26,7%, потоа 1950/51 г. - 1952/53 г., кога бројот на ученици се намалил од 1112 на 841 или намалување за 271 ученика, односно за 24,4%. Потоа во 1952/53 (со 887 ученици) и 1953/54 г. (со 721 ученици) со намалување од 166 ученици или за 18,7%, во 1964/65 (со 759 ученици) и 1965/66 (со 660 ученици) со намалување од 99 ученици или 13%, во 1970/71 (499) и 1971/72 (446) се намалил за 53 ученици или 10,6%.

Гледано по десет годишни, периодот 1960/61 – 1970/71 година бројот на ученици од 942 ученици се намалил на 499 ученици или за 443 ученици, односно за 47%, со динамика на намалување од 44 ученици годишно. Друг карактеристичен десет годишен период е 1970/71 (со 499 ученици) и 1980/81 (со 228 ученици) кога бројот на ученици се намалил за 271, односно за 305 ученици или за 54,3%. (Види Табела бр. 3)

Табела бр. 3 – Движење на бројот на ученици по десетгодишни периоди

| **Период во години** | **Број на ученици** | **Разлика / намалување/зголемување** | **%** |
|---|---|---|---|
| 1944/45 - 1954/55 | 1153 – 725 | -428 | -37,1 |
| 1954/55 - 1964/65 | 725 – 759 | +34 | +4,7 |
| 1964/65 - 1974/75 | 759 – 328 | -431 | -56,8 |
| 1974/75 - 1984/85 | 328 – 174 | -154 | -46,9 |
| 1984/85 - 1994/95 | 174 – 144 | -30 | -20,8 |
| 1994/95 - 2004/05 | 144 – 69 | -75 | -52,1 |
| 2004/05 - 2014/15 | 69 - 46 | -23 | -33,3 |

Резимирано, низ целиот период од 1944/45 до денес 2014/15 година бројот на ученици од 1153 се намалил на 46 или вкупно намалување од 1.107 или за 96,0%. Споредено со максимално регистрираниот број на 1.212 ученици, намалувањето изнесува 1.166 или за 96,2%. Додека пак, вкупното намалување на населението во Цапари и Цапарско, од 7.420 жители во 1948 година се намалува на 1.500 жители во 2011 година, односно намалување за 5.920 жители или за 79,8%. Намалувањето е евидентно и во просечниот број на ученици во една паралелка и тоа од 40 на само 4 ученици.

Намалување на бројот на ученици е резултат на емиграционите процеси, односно иселување на младо работоспособно население и на цели семејства. Првите помасовни емиграции кон градовите биле предизвикани од колективизацијата, потоа од забрзаната индустријализацијата на градовите, а од шеесеттите години и од т.н. „привременото вработување“ во странство, кое најчесто завршуваше со трајно иселување.

Табела бр. 5 – Имиња на училиштата и период на постоење, гледано по населби

| **Населби** | **Име на основното училиште** | **Период на постоење** |
|---|---|---|
| **ЦАПАРИ** | ОУ„Кирил Методиј“ | од 1944/45 до 1977/78 |
| | ЦОУ„Трајан Белев“ | од 1978/79 до 2004/05 |
| | Подрачна паралелка на ОУ „Елпида Караманди“ – Битола | од 2005/06 до денес |
| Ротино | „Кирил Методиј“ | од 1944/45 до 1977/78 |
| | Подрачна паралелка на ЦОУ „Трајан Белев“ – Цапари | од 1978/79 до 1995/96 |
| | **Затварање на училиштето** | **1995/96** |

| | | |
|---|---|---|
| **ЃАВАТО** | „Трајан Белев“ | од 1944/45 до 1952/53 |
| | „Тодор Ангелевски“ | од 1953/54 до 1959/60 |
| | ОУ„Трајан Белев“ | од 1960/61 до 1969/70 |
| | Подрачна паралелка на ЦОУ „Кирил и Методиј“ – Цапари | од 1970/71 до 1977/78 |
| | Подрачна паралелка на ЦОУ „Трајан Белев“ – Цапари | од 1978/79 до 1989/90 |
| | **Затварање на училиштето** | **1989/90** |
| Доленци | „Тодор Ангелевски“ | од 1947/48 до 1954/55 |
| | „Климент Охридски“ | од 1955/56 до 1961/62 |
| | Подрачна паралелка на ОУ „Трајан Белев“ – Ѓавато | од 1962/63 до 1969/70 |
| | Подрачна паралелка на ЦОУ „Кирил и Методиј“ – Цапари | од 1970/71 до 1977/78 |
| | Подрачна паралелка на ЦОУ „Трајан Белев“ – Цапари | од 1978/79 до 2005/06 |
| | **Затварање на македонската паралелка** | **1986/87** |
| | Подрачна паралелка на ОУ „Елпида Караманди“ – Битола | од 2006/07 до денес |
| Маловишта | „Стив Наумов“ | од 1944/54 до 1951/52 |
| | „Иван Цанкар“ | од 1952/53 д о1961/62 |
| | Подрачна паралелка на ОУ „Трајан Белев“ – Ѓавато. | од 1962/63 до 1969/70 |
| | Подрачна паралелка на ЦОУ „Кирил и Методиј“ – Цапари | од 1970/71 до 1977/78 |
| | Подрачна паралелка на ЦОУ „Трајан Белев“ – Цапари | од 1978/79 до 1991/92 |
| | **Затварање на училиштето** | **1991/92** |
| Гопеш | „Питу Гули“ | од 1944/45 до 1954/55 |
| | „Кирил Методиј“ | од 1955/56 до 1963/64 |
| | **Затварање на училиштето** | **1963/64** |
| **РАМНА** | „Јосиф В. Сталин“ | од 1944/45 до 1948/49 |
| | “Танас Лозановски“ | од 1949/50 до 1953/54 |
| | ОУ“Браќа Миладиновци“ | од 1954/55 до 1977/78 |
| | Подрачна паралелка на ЦОУ „Трајан Белев“ – Цапари | од 1978/79 до 1991/92 |
| | **Затварање на училиштето** | **1991/92** |
| Лера | „Стив Наумов“ | од 1944/45 до 1962/63 |
| | Подрачна паралелка на ЦОУ „Кирил и Методиј“ – Цапари | од 1963/64 до 1976/77 |
| | Подрачна паралелка на ЦОУ „Трајан Белев“ – Цапари | од 1978/79 до 1982/83 |
| | **Затварање на училиштето** | **1982/83** |
| Горно Српци | „Видан Темелковски“ | од 1944/45 до 1951/52 |
| | „Милован Ѓилас“ | од 1952/53 до 1953/54 |
| | „Никола Карев“ | од 1954/55 до 1961/62 |
| | Подрачна паралелка на ОУ „Браќа Миладиновци“ - Рамна. | од 1962/63 до 1977/78 |

| | | |
|---|---|---|
| | Подрачна паралелка на ЦОУ „Трајан Белев“ – Цапари | од 1978/79 до 1987/88 |
| | **Затварање на училиштето** | **1987/88** |
| Свињишта | „Ѓорѓи Сугарев“ | од 1944/45 до 1962/63 |
| | Подрачна паралелка на ОУ „Браќа Миладиновци“ – Рамна | од 1963/64 до 1977/78 |
| | Подрачна паралелка на ЦОУ „Трајан Белев“ – Цапари | од 1978/79 до 1980/81 |
| | **Затварање на училиштето** | **1980/81** |
| Метимир | „Гоце Делчев“ | од 1944/45 до 1954/55 |
| | „Цар Самоил“ | од 1955/56 до 1962/63 |
| | Подрачна паралелка на ОУ „Браќа Миладиновци“ – Рамна. | 1963/64 |
| | **Затварање на училиштето** | **1963/64** |

Училиштата во првите години биле четвртолетки и петолетки, па шестолетки, седмолетки до осмолетки (тоа пред сè однесува на Цапари, Ѓавато и Рамна), а останатите останале, низ целиот период четвртолетки. Бројот на паралелки во подрачните четиригодишни училишта низ целиот период бил по една паралелка, со исклучок во Доленци каде имало и на албански јазик (од 1947 година до денес).

Во учебна 1945/46 година училиштето во Цапари од четиригодишно преминува во шестгодишно училиште, а во учебната 1947/48 година во седумгодишно, за од учебната 1952/53 година да премине во осумгодишно основно училиште. Во 1962/63 година ОУ „Кирил Методиј“ – Цапари станува Централно, со подрачна паралелка во Ротино. Во ноември 1969 година работните единици на централните основни училишта во Цапари, Ѓавато и Рамна донесуваат одлука за интеграција, односно за приклучување на училиштата од Ѓавато и Рамна кон училиштето во Цапари. Сепак, училиштата беа приклучени само административно, за до вистинска интеграција да дојде во учебната 1977/78 година со создавање на ЦОУ „Трајан Белев“ во Цапари.

Во ОУ„Кирил и Методиј“ во Цапари максималниот број паралелки се достигнал 13 (во учебната 1956/57, 1960/61 и 1961/62 г.). Во тие години работеле и по две паралелки во одделенска настава (од I до IV одделение), но и во дел од предметна настава (од V до VIII одделение). Просечно во една паралелка имало по 25 ученици.

Максималниот број на паралелки во ОУ „Трајан Белев“ - Ѓавато изнесувал 9, од кои 5 комбинирани (од I до IV одделение) и 4 чисти паралелки (од V до VIII одделение).

Максимален број на паралелки во ОУ „Браќа Миладиновци“ – Рамна, исто изнесува 9, од кои 5 комбинирани (од I до IV одделение) и 4 чисти паралелки (од V до VIII одделение). Просечниот број на ученици во паралелка изнесувал 18 ученици.

Максималниот број на паралелки во ЦОУ „Трајан Белев“ – Цапари бил 25 (во 1973/74 и 1974/75 г.), од кои 7 во Цапари, 5 во Ѓавато, 5 во Рамна, потоа по една паралелка во Ротино, Г.Српци, Свињишта, Маловишта, и по две во Доленци и Лера (по една на македонски и на албански јазик). (Димитров&Димитровски,1995,38)

Процесот на затварање на подрачни училишта започнува уште во 1963/64 година кога по 19 години постоење се затвараат училиштата во Гопеш и Метимир. Второ затварање регистрираме во осумдесеттите години и тоа, училиштата во Свињишта 1980/81 (по 36 години постоење), во Лера 1982/83 (по 38 години постоење), па во Доленци – македонска паралелка 1986/87 (по 42 години постоење), Горно Српци 1987/88 (по 43 години постоење) и Ѓавато во 1989/90 година (по 45 години постоење). Трет период на затварање на подрачни четиригодишни училишта се деведесеттите години и

тоа: училиштето во Рамна и Маловишта 1991/92 (по 47 години постоење) и Ротино 1995/96 година (по 36 години постоење).

Додека пак, ОУ „Кирил и Методиј“ - Цапари (1944/45-1977/78 - 33 години се именува со тоа име) и нејзиниот продолжувач ЦОУ „Трајан Белев“ – Цапари (1978/79-2004/05 - 27 години го носи тоа име), по 60 година постоење, на 21. Јуни 2004 година во Службен Весник, број 40, страна 36, објавена е Одлука за престанување со работа на основното училиште „Трајан Белев“ – Цапари. Меѓу другото во член 1 стои „престанува со работа Основното училиште „Трајан Белев“ с. Цапари со припојување кон Основното училиште „Елпида Караманди“ – Битола. Основното училиште „Трајан Белев“ с. Цапари се организира како Подрачно училиште во состав на Основното училиште „Елпида Караманди“ – Битола“, во кое управуваат назначени раководители (на тој датум во РМ престанаа со работа 16 основни училишта, од кои две се од Битолско, ОУ „Трајан Белев“ – Цапари, и ОУ „Мирче Ацев“ - Бач).

Низ целиот период на постоење, образованието било успешно организирано и тоа преку редовно одвивање на наставата, организирање на вонннаставни активности (работа на разни слободни ученички активности – секции, клубови, извиднички одред, подмладок на црвен крст и други форми на ученичко организирање), организирање на работни акции, излети, екскурзии, теренска настава, културно – уметнички приредби (одбележување на патронен празник, одбележување на значајни историски настани, одржување на театарски претстави од страна на наставниците и учениците, спортски натпревари и сл.), изградени, проширени и обновени се повеќе училишта (во Цапари, Рамна, Ѓавато, Доленци, Ротино, Горно Српци и др.), изградена е спортска сала, спортски терени и кујна во Цапари, освојувани се повеќе награди и признанија на разни натпревари и конкурси итн. За одбележување е постоењето на КУД „Мирче Велоски„ – Цапари, со драмската секција составена од наставници и ученици, кои во 1964 година на сојузен театарски фестивал во Хвар, Хрватска, освоиле прва награда и признание. Во склоп на училиштето во Цапари постоел и интернат за ученици, а покасно работи и забавиште. Исто така, опременоста на училиштето со нагледни средства и помагала низ целиот период е континуирана (со исклучок на првите години), додека пак по интеграцијата, наставата во ЦОУ „Трајан Белев“ Цапари се реализирала и кабинетски.

Денес, ПУ „Елпида Караманди“ – Цапари располага со 8 училници со кабинети, спортска сала, кујна со трпезарија,библиотека со 7400 книги,управен дел со канцеларии и работни простории, а ПУ во с. Доленци располага со 2 училници, канцеларија, ходник и 2 помошни простории адаптирани за амбуланта. Настава се реализира како деветолетка каде во ПУ с. Цапари е организирана во 6 паралелки од кои 2 одделенска комбинирани (од прво до петто одделени) и 4 предметна настава (од шесто до деветто одделение). Наставата се изведува на македонски наставен јазик. Во ПУ с. Доленци е организирано со две комбинирани паралелки во одделенска настава (од прво до петто одделение). Наставата се изведува на албански наставен јазик. Учениците од Доленци, предметната настава на албански јазик ја следат во ОУ „Гоце Делчев“ – Битола, и тоа од 2005/06 година, односно од згаснувањето на ЦОУ „Трајан Белев“ – Цапари како правно лице.

За одбележување е постоењето на извидничкиот одред „Пелистерски очи“ со седиште во Цапари, формиран на 20.12.1974 година. Низ дваесет годишниот период на постоење до 1994 г. *(последните три години работи локално без активности)*, одредот – учениците и наставниците организираат 15 републички (1977 до 1991 г.) и 11 сојузни натпревари (од 1980 до 1990 година), повеќе работни акции на пошумувања, маршеви, логорувања, излети и слично. Максималниот број на членови во одредот изнесувал над

200 членови - ученици, наставници и жители на Цапари и Цапарско. Како потврда на добрата организираност и заедништво на извидниците во одредот е изградбата на планинарска куќа на 1100 метри надморска височина западно од селото во подножјето на врвот Пелистер. Оваа куќа, е симбол на ученичкото другарување на поранешните и сегашните ученици, наставници и жители на селото. Денес, со крајни напори училиштето се обидува планинската куќа да ја зачува од распаѓање.

**Раководење, наставен и друг кадар**

Во текот на седумдесет години во просторот на Цапари и Цапарско работеле 591 лица, од кои 510 лица наставници, 23 управители, директори и раководители, 9 лица во администрација и 49 лица како помошен персонал. Сепак, треба да напоменеме, дека дел од вработените наставници работеле во повеќе училишта во Цапарско. Имено, како се затвораат подрачните училишта, како и со интеграцијата на осумгодишните училишта во Ѓавато и Рамна, наставниците се превземаат во ЦОУ Цапари. Така, вкупниот број на наставен кадар изнесува над 300 лица. За подвлекување е фактот што во целиот простор на Цапарско регистрираме околу 30 брачни двојки на наставници.

Во Табела бр. 6 што е поместена подолу изнесени се имињата на сите лица кои работеле во училиштата во просторот на Цапари и Цапарско, и тоа: управители, директори и раководители, наставници, администрација и помошен персонал.

Табела 6 - Име и презиме на наставниот кадар во Цапари и Цапарско од 1944/45 до 2014/2015 година

| **Име и презиме** | **Место** |
|---|---|
| | **ЦАПАРИ** |
| **Управители, директори и раководители** | Ѓорѓи Шупов (1944/45), Марија Х. Бимбиловска (од 1945/46 до 1950/51), Димитар Настевски ( од 1951/52 до 1969/70), Доне Мариовски (од 1970/71 до 1976/77), Никола Трајчевски ВД (1977/78), Ѓорѓи Димитровски (25 години бил директор на ЦОУ „Трајан Белев“ - Цапари од 1978/79 до 1994/95), Анастас Кирјази ВД (1995/96), Верка Веловска (од 1996/97 до 1998/99), Петко Митревски (1999/2000 – 2004/05), *(9)* Раководители на ПУ „Елпида Караманди“- Цапари, се: Методија Димовски (2005/06-2007/08), Панде Цилев (2008/09-2010/11) и Сашко Гошевски (2011/12 до денес). *(3)* (12) |
| **Наставник** | Ѓорѓи Шупов, Велјан Јажев, Димитар Настевски, Марија Х. Бимбиловска, Митко Пандори, Василка Лазароска, Анастасија Спанакоска, Александар Стефановски, Јованка Тапанциева Стефановска, Радмила Господинова, Захарија Господинов, Здравка Николовска, Бошко Срезовски, Димче Стефановски, Љупка Костовска, Јордан Беловски, Весела Ѓорѓиевска, Никола Попрцов (интернат), Ленче Вељановска Попрцова, Лазар Ќоропановски, Цвета Кранфилова, Димитар Тасевски, Васко Кузмановски, Милица Димовска, Аспасија Андреева, Ратка Ќоропанова, Вера Китанова, Душанка Чурулева, Милица Наумовска, Ратка Тасева, Ѓорѓи Велевски, Ленче Тодоровска, Бранка Спироска, Душанка Михалјова, Драга Глигорова, Љубинка Кирковска, Рада Атанасова, Перо Чукалевски, Павле Илчевски, Љубинка Николова, Нада Илчевска, Роксана Козарова, Димитар Петковски, Даница Даркова, Каранфил Нешковски, Милица Симонова, Бранка Стефановска, Владо Ласковски, Живко Стојановски, Милица Петковска, Милица |

| | |
|---|---|
| | Галова, Елена Зафирова, Василија Иванова, Милица Микарова, Елена Тодорова, Марија Петрова, Кирил Аргиновски, Крум Раденков, Асен Михајлов, Бојан Василев, Димитар Димитровски, Марија Иванишевиќ, Марија Пејчиќ, Панде Ефтимов, Драган Јуруковски, Елена Бадева, Алексо Ефтинџиовски, Елица Димова, Доне Макриовски, Ружа Николовска, Елена Талева, Надица В. Цингарова, Пана Бачкарова, Никола Николовски, Панде Ефтимовски, Добринка Илиевска, Загорка Златева, Нада Василева, Елена Аргиновска, Љуба Ангелова, Благој Филиповски, Јосиф Куновски, Јорданка Вучкова, Тодорка Секулова Ристева, Станимир Стојковски, Методија Чоневски, Марија Филиповска, Василка Чумандра, Александар Велјановски, Цвета Урдарова, Љуба Ласкова Куновска, Петар Лазаревски, Љубица Лушиновска, Даница Димитрова, Мирјана Николеска, Петар Лозановски, Софија Ангелкова Билајац, Димитар Кочанковски, Стојна Брзова, Слободанка Дурдубакова, Менка Петрова (забавиште), Никола Аргир Михајловски, Кирил Аргиновски, Елена Аргировска, Благој Филиповски, Марија Филиповска, Софија Билајац, Љуба Куновска, Никола Кашмиговски, Менка Петровска (забавиште), Тодорка Ристева (забавиште), Владимир Владе Тасевски, Лилјана Даскалова, Мирјана Балтова, Благој Милевски, Глигур Талевски, Стефан Џолгановски, Мирјана Петрова, Љубица Начова Велевска, Никола Нико Трајчевски, Ѓорѓи Димитровски, Цветанка Димитровска, Јован Максо Веловски, Вера Веловска, Анастас Таше Кирјази, Александар Миленковски, Михаљо Димитров, Љубица Костова, Душан Ристовски, Менка Бечкова, Димитар Боцевски, Стефан Белчев, Стево Џолгановски, Љубица Костова, Марија Филиповска, Љубица Велевска, Мирјана Петровска, Милица Шаркова, Вера Велјановска, Марика Стерјева, Николина Марушевска, Марика Георгиевска, Михаљо Димитров, Билјана Митковска, Александар Цигаридовски, Цвета Трепвска, Трајко Иракоски, Василие Анчевски, Стојан Анчевски, Зора Бошковска Бендева, Љубе Стојановски, Никола В. Димитров, Гордана Гошевска, Иван Премовски, Владе Трифуновски, Веселка Крстевска, Соња Велковска, Бисера Вишиновска, Методија Димовски, Весна Димитровска Станчевска, Стеван Јанакиевски (библиотекар), Сузана Петровска, Вера Тасевска, Славица Начовска, Славица Ристевска, Александра Јанкуловска, Игор Наумовски, Мери Нацкова, Фанче Јошевска, Елица Гаштарова, Аспасија Трајковска, Бранка Божиновска, Зоран Куновски, Мирјана Тасевска, Оливера Ристевска, Миле Шерденков, Кире Грбевски, Сузана Поповска, Виолета Мицковска, Лилјана Димевска, Лилјана Ангелевска, Гордана Тасевска, Маја Јанакиевска, Никола Аврамовски, Билјана Трајковска, Билјана Пемова, Билјана Талевска Мимоза Николовска, Соња Белџигеровска, Елена Ѓеоргиевска, Јелена Ќеваповиќ, Панде Цилев, Виолета Мицковска, Елена Аспровска, Благојче Кривевски, Марта Шукуровска, Љупчо Стојановски, Елизабета Груевска, Снежана Брзовска, Билјана Карапетровска, Маре Жежовска, Славица Марковска, Ирена Искова, Златко Крстевски, Магдалена Никодиновска, Милица Димчевска, Ана Стеваноска, Ирина Николовска, Иван Илиевски, Таќу Стојани, Пеце Трифуновски, |

| | |
|---|---|
| | Ангелина Димитровска, Гоце Белџигеровски, Иле Јовановски, Донка Шикловска, Силвана Симоновска, Снежана Плушковска, Наташа Гаревска, Иван Илијевски, Снежана Брзовска, Искра Ираковска, Билјана Китановска, Билјана Митковска, Лилјана Димевска, Златко Крстевски, Мирјана Ана Стефановска, Лилјана Јошевска, Џенет Тасковска, Лилјана Мирчева, Маја Атлагиќ, Татјана Дамчевска, Билјана Димитриева, Сашо Гошевски. (233) |
| **Администрација** | Љубица Здравевска, Блага Николовска, Љубица Петрова, Мирјана Груевска, Мирјана Савиновска, Светлана Јовановска, Стеван Белчев, Благоја Врчковски. (8) |
| **Помошен персонал** | Стеванка Капинкоска, Јордан Стефановски, Павле Тноковски, Душан Бабушковски, Илија Пашовски, Трајанка Коликовска (во кујна), Стојан Капинкоски, Трајан Капинковски, Љубица Ангелова (во кујна), Методија Лумаковски, Владе Врчковски, Никола Анакиевски (во кујна), Живко Додовски (возач), Марика Талевска, Стојан Јуруковски, Николчо Мицаковски, Рада Милошевска. (17) |
| | **Ротино** |
| **Наставник** | Нада Јаневска, Фанија Димитрова, Радмила Трендафиловска, Марика Марија Пејчиќ, Ристо Јовановски, Анѓа Стерзовска, Ацо Стезовски, Ангелко Вељановски, Стеванка Вељановска, Цветан Цане Переловски, Елена Фиданова, Димитар Димитровски – Такец, Стеван Јанакиевски, Елена Аргировска, Љубица Филипова, Славица Талевска, Пецо Веловски. (17) |
| **Помошен персонал** | Марија Атанасова, Нада Трајчева, Цвета Лозановска, Ѓорѓи Апостоловски. (4) |
| | **ЃАВАТО** |
| **Управители и директори** | Љупка Ѓорѓиева Русомарова, Ѓорѓи Русомаров, Петар Ѓуровски, Јово Чукалевски, Цане Марковски, Никола Трајчевски. (6) |
| **Наставник** | Вељо Теодосиевски, Олга К. Стефановска, Димитар Т. Наковски/Николовски, Богдан Банишки, Мара Робевска, Крсте Јанкуловски, Атанас Јаневски, Даница Јаневска, Ѓорѓи Русомаровски, Љупка Русомаровска, Петар Ристески, Наталија Ивановска, Лепосава Трајковска, Ратка Илиевска, Даница Талеска, Александар Крстевски, Васил Макриевски, Петар Ѓуроски, Елисавета Миленкова, Павлина Кочоска, Доне Макриевски, Анастасија Илиевска Ивановска, Бранка Стефановска, Олга Македонска, Марика Николоска, Нада Ангелова Ѓуровска, Радмила Трендафилова, Ѓорѓи Кананоски, Софка Размовска, Јово Чукалевски, Вера Чукаловска, Васил Максимовски, Цане Марковски, Каранфил Нешковски, Нада Папалева, Милица Нешковска, Радмила Димовска, Никола Нико Трајчевски, Владимир Белевски, Гена Митревска, Милица Димитрова, Божидар Рајковски, Ѓорѓи Ташевски, Теодосие Јовановски, Мирјана Гавриловска Трајчевска, Виолета Топанциева, Михајло Карапашовски, Милица Белева, Никола Кашмиговски, Верка Мицакова Веловска, Љубица Начова Велевска, Благој Бујаровски, Живко Топевски, Славко Белевски, Трендафилка Чолакова, Ефтим Димовски, Љубица Кашмиговска, Јован Веловски, Живко Звездаковски, Иван Филиповски, Јордан Шарковски, Борче Трајчевски, Глигур Сиваков, Радомир Латковски, Елена Тунтевска, Никола Аргир Михајловски, Љубица Костова, Стеван Белчев, |

| | |
|---|---|
| | Благој Милевски, Љубица Јашовиќ, Виолета Талевска, Пеце Веловски. (73) |
| **Администрација** | Милица Ласкоска (1) |
| **Помошен персонал** | Слобода Перчева, Митре Шулаковски, Вера Недевска, Ристе Крушаревски, Трајанка Јуруковска. (5) |
| | **Доленци** |
| **Наставник** | Ѓорѓи Т. Наумовски, Хамид Лека, Марија П. Ламбовска, Ѓура А. Риза, Љубица Ефтимова, Васко Арсов, Сулејман С. Ибраим, Никола Мрковски, Методија А. Вангеловски, Војо Теодосиевски, Ружа Д. Бакиева, Васко Манивиловски, Панде Налевски, Реџеп Зуте, Реџеп Асим Јајоски, Атиџе Хајдари, Фејзула Абдулаи, Џелал Селими, Ката Костова, Тефик Шабановски, Ирфета Јусуфи, Рашид Велиу, Фетије Кораќ. (23) |
| **Помошен персонал** | Нешад Далип, Ирфан Зекмани, Садет Усеиновски. (3) |
| | **Маловишта** |
| **Наставник** | Зоре Франц Аница, Димитар Тасиќ, Стојан Толевски, Јулка Китанова, Силјан М. Грујовски, Вера Арсова, Ѓорѓи Т. Ивановски, Методија Вангеловски, Димитар Личевски, Крсте Симоновски, Љубица Филипова, Стеван Јанакиевски. (12) |
| **Помошен персонал** | Минка Белиќ, Томе Доловски, Настасија Гашовска, Марика Талевска. (4) |
| | **Гопеш** |
| **Наставник** | Иван Наумовски, Кирсте Битовски, Љупка Костоска, Марика Мановска, Васко Кузмановски, Сандре Пејчиновски, Тодор Ивановски, Петар Богоевски, Лазар Наумовски, Владимир Ј. Беловски, Вера Добриевиќ, Драги Митковски, Менка Димовска, Ѓорѓи Мишевски, Ѓорѓи Димитровски, Никола Караиванов. (16) |
| **Помошен персонал** | Александар Димитровски (1) |
| | **РАМНА** |
| **Управители и директори** | Љубомир Т. Србиновски, Атанас Костовски, Божидар Рајковски, Иван Д. Групче, Ѓорѓи Димитровски. (5) |
| **Наставник** | Нада Јаневска, Душанка Шперовиќ, Велјан Јажев, Митко Пандори, Димитар Груевски, Томе Тодоровски, Никола Таневски, Антина Буздуно, Борис Андреевски, Драга Кубуровска, Милица Димитрова, Љубомир Т. Србиновски, Вера Љ. Србиновска, Александар К. Димитровски, Томе П. Јанакиевски, Паула Мајер, Атанас Костовски, Марија Пејчиќ, Олга Коњанова, Павлина ?, Божидар Рајковски, Пера Илкова Кочовска, Милица Рајковска, Никола Кочовски, Кирил Марковски, Јонче Ивановски, Драги Наумовски, Живко Стојановски, Благоја Вржовски, Елица Вржовска, Иван Д. Групче, Елена Атанасовска, Петар Атанасовски, Јордан Стојановски, Борис Ацковски, Љуба Начовска Велевска, Елена Попова, Димитар Цветковски, Софија Ангелова, Афродита Шаткова, Ѓорѓи Димитровски, Цветанка Димитровска, Трајко Огненовски, Костадина Огненовска, Спиро Фотев, Ратка Илиева, Михајло Атанасовски, Славе Белевски, Владимир Белевски, Глигур Талевски, Марика Талева, Методија Димовски, Анастас – Таше Кирјази, Благој Милевски, Лилјана Цветкова, Мирјана Балтова, Цветанка Степановска, Стојан Стојков, Вера Жилева, Ваница Чачорова. (60) |

| | |
|---|---|
| **Помошен персонал** | Трајан Карапетковски, Ристе Лозановски, Трајко Стојановски, Ѓуро Стојановски, Васил Крстевски, Ѓуро Стојановски. (6) |
| | **Горно Српци** |
| **Наставник** | Јелена/Елена Станковска, Јованка Тапанциева Стефановска, Александар Стефановски, Ленче Димитрова, Љупка Апчевска, Милојко Поповски, Васа Илиевска, Коста Саздановски, Љупка Костова, Ќивка Иванова, Василија Иванова, Томе Тодоровски, Јован Алексовски, Димче Златановски, Елена Бадева, Љубомир Србиновски, Вера Србиновска, Анѓелко Вељановски, Стефка Вељановска, Перо Василевски, Марија Василевска, Добринка Илиевска, Атанас Костовски, Божидар Рајковски, Љубица Шопова, Елена Атанасова, Вера Иванова Филиповска, Лилјана Цветкова, Драган Димовски. (29) |
| **Помошен персонал** | Василка Дошлаковска, Радованка Скандиловска, Вера Дамчевска. (3) |
| | **Лера** |
| **Наставник** | Кирил Граховски, Тахими ?, Ташко Пауновски, Нада Петровска, Зија Махмуд, Љупчо Спасевски, Енвер Мемети, Драга Кубурова, Ремзи Насуфи, Мемед Сулејмани (Мемедали), Перо Богоевски, Перо Костадиновски, Панде Ефтимов, Елена Бадева, Лазар Нумовски, Башким Селими. (16) |
| **Помошен персонал** | Николина Наумовска, Радмила Наумовска, Крсте Апостоловски. (3) |
| | **Свињишта** |
| **Наставник** | Петар Ристевски, Божидар Ѓорѓиевски, Марија П. Ламбовска, Александар Блажевски, С. Ташковски, Борис Петковски, Милица Галовска, Васил Манивиловски, Мијалко Котевски, Ружица Талева, Спасија Ѓорѓиева, Поликсена Милошева, Методија Димовски, Билјана Ставрева, Никола Караиванов, Велика Начова Караиванова, Милица Шаркова. (17) |
| **Помошен персонал** | Илија Танчевски. (1) |
| | **Метимир** |
| **Наставник** | Кирил Димитровски, Красимира Димитровска, Вељо Теодосиевски, Васил Кузмановски, Душан Хр. Константинов, Киро Вељовски, Томе Василевски, Раде Штрковски, Марија Петрова, Тодор Ивановски, Трендафилка Чолакова, Ѓорѓи Мишевски, Јордан Стојановски, Никола Караиванов. (14) |
| **Помошен персонал** | Јосиф Стојчевски, Горица Николовска. (2) |

Извор: **Никола В. Димитров, Ѓорѓи Димитровски** (1995): Педесет години настава на македонски јазик во Цапари и Цапарско, ДНУБ – Битола; **Група автори** (1984): 40 години настава на македонски јазик во Битола и Битолско `44-`84 година, Битола; **Александар Стефановски** (2011): Без вина, виновен ?!?, Битола; Интервјуа со повеќе наставници, други лица и ученици кои работеле и учеле во училиштата во Цапари и Цапарско.

## ЗАКЛУЧОК

Во изминатите 70 години наставата по мајчин - македонски јазик е во континуитет, но со променет број на ученици. Емиграционите процеси предизвикаа намалување на бројот на жители во сите населби а од тука и на бројот на учениците. Така, од вкупно 11 училишта со 1212 ученици, денес остана само училиштето во Цапари со само 46 ученици, и тоа како подрачно деветгодишно училиште на ОУ „Елпида Караманди" – Битола. Впечатоците од тоа време на заедничко учителствување, учење и живеење останаа само во спомените на наставниците и поранешните ученици, присутни во споменатиот простор, а во најголем број раселени на разни страни во државата и светот.

Денес, фактите покажуваат дека ваквата состојба со образованието во Цапари и Цапарско е крајно загрижувачка. Доколку се продолжи со намалувањето на бројот на жители, а од тука и на ученици, се поставува прашање: Кога училиштето ќе прерасне во четиригодишно !? или уште по песимистичката варијанта - Кога ќе биде затворено училиштето во Цапари !?

За да не дојде до ова, државата мора да превеземе реформски мерки за зголемување на наталитетот, а со тоа и бројот на ученици, давање на повеќе субвенции и бенефиции на семејствата кои живеат или сакаат да живеат и работаат во руралните средини, односно создавање услови за економско заживување на Цапари и Цапарско.

## Користена литература и други извори


1. **Никола В. Димитров, Ѓорѓи Димитровски** (1995): Педесет години настава на македонски јазик во Цапари и Цапарско, ДНУБ – Битола (стр.71)
2. **Група автори** (1984): 40 години настава на македонски јазик во Битола и Битолско `44-`84 година, Битола (стр.91)
3. **Александар Стефановски** (2011): Без вина, виновен ?!?, Битола (стр.126)
4. Интервјуа со повеќе наставници, други лица и ученици кои работеле и учеле во училиштата во Цапари и Цапарско.
5. Лична архива на авторот.